Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-168/14
_________ година
29-11-2022

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 168/1 од 21.03.2022 година, поднесена од [redacted], против Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 29.11.2022 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија кон [redacted]

### О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 168/1 од 21.03.2022 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација по основ на политичко уверување, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за транспорт и врски, како работодавен орган на подносителот на претставката.

Подносителот на претставката бил вработен во Министерството за транспорт и врски, на работно место советник во Сектор за документирање и управување со градежно земјиште. Подносителот е обвинет во кривичната постапка, во јавноста позната како „Шпански скали", во која од страна на надлежен суд му била изречена мерка притвор. Врз таа основа, како и од причина што подносителот бил обвинет за кривично дело сторено на работа/ во врска со работата, работодавниот орган Министерството за транспорт и врски на 05.07.2019 година донел Решение за суспензија на административен службеник со бр. 04 – 6073/1. Суспензијата согласно цитираното решение трае од 28.06.2019 година се' до донесување на правосилно решение. Со изреченото решение му е утврден месечен надоместок во износ од 60% од утврдената плата, што според неговите наводи предизвикува сериозни финансиски импликации и сериозно влијае на неговиот социјален и професионален живот.

Во периодот од 28.06.2019 година до 26.09.2019 година согласно решение на надлежниот суд, подносителот бил во домашен притвор, по што мерката притвор била укината и заменета со други мерки на претпазливост.

Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека е дискриминиран од страна на работодавниот орган, од причина што суспензијата од работното место се' уште не му е укината и покрај тоа што не постои правна пречка, ниту е изречена било каква мерка со која се забранува негово враќање на работното место. Воедно ја информираше Комисијата дека во конкретниот кривичен предмет се опфатени и други лица, вработени во Министерството за транспорт и врски, за кои не било донесено решение за суспензија или пак таквото решение било укинато. Подносителот навел дека дискриминаторските основи врз кои бил дискриминиран се личното својство и општествниот статус, како и политичкото уверување, од причина што е политички активен, односно член на органите на ВМРО – ДПМНЕ и актуелен претседател на Советот на Општина Аеродром.

Од таа причина подносителот смета дека е ставен во нееднаква, односно понеповолна положба од страна на работодавниот орган. Со Барање од 20.10.2020 година и Ургенција од 15.12.2020 година се обратил до Министерството за транспорт и врски, со кое побарал враќање на работното место, односно да му биде обезбеден еднаков третман со другите опфатени во истиот кривичен предмет во однос на пристапот до работно место.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.04.2022 година испрати Известување бр. 08 - 168/5 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Со произнесување бр. 08 – 168/6 од 16.05.2022 година Министерството за транспорт и врски, по направен увид во досието на вработениот ја извести Комисијата за хронолошкиот тек на настаните.

Според наводите во произнесувањето [redacted] на 20.10.2020 година за прв пат се обратил до Министерството со барање за укинување на Решението за суспензија на административен службеник. Во време на поднесување на неговото барање, решението за суспензија за лицето кое е наведено во претставката како компаратор – Виолета Самарџиска веќе било ставено вон сила.

Министерството наведе дека причина за носење на предметниот акт е водењето на кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата, со назначување дека неговото важење е до носење на правосилно решение, односно

важењето на решението е зависно од кривичната постапка, како и изречените мерки од страна на Судот. Дополнително Министерството наведе дека во моментот на поднесување на Барањето за укинување на Решението за суспензија од страна на вработениот, се информирало за текот на кривичната постапка и добило податок дека кривичната постапка е во фаза на отпочнување на процесот од почеток, поради променет состав на судечкиот совет. Од таа причина работодавниот орган одлучил да не ја укине суспензијата на вработениот.

Министерството за транспорт и врски ги негираше наводите од претставката со образложение дека за да постои директна дискриминација потребно е постоење на причинско – последична врска помеѓу карактеристиката и поневолното постапување, кое според нив во овој случај изостанува.

Во поглед на основот за дискриминација – политичко уверување, наведен во претставката, истакнаа дека не биле запознаени со политичкото делување на вработениот, како и фактот дека изборот на вработениот за претседател на Советот на Општина Аеродром е post festum и правно нерелевантен за односната ситуација.

Помеѓу доказите кои ги приложи Министерството беше и Известување со бр. 02 – 8355/2, кое го примиле од страна на бранителот во кривичната постапка во која вработениот е обвинет. Со известувањето адвокатот го известил Министерството за транспорт и врски за причините за укинување на мерката притвор, наведувајќи дека при донесување на решението Судот ја ценел околноста што обвинетиот е суспендиран од работното место. „Оттука произлегува дека иако за обвинетиот е укината мерката куќен притвот и се наоѓа на слобода, истиот не смее да се врати на работното место, бидејќи токму поради фактот што е суспендиран од работното место, донесено е предметното решение за укинување на мерката куќен притвор. Околностите дека истот не смее да комуницира со лицата кои што се опфатени со кривично – правниот настан, како и со вработените во Министерството за транспорт и врски кои што се колеги на осомничените, а кои што треба да бидат сослушани како сведоци во постапката, претставуваат основ за понатамошно останување во сила на донесеното Решение за суспензија на административниот службеник.“

Дополнително адвокатот укажал дека Решението за суспензија било донесено поради фактот што према вработениот се води кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата. Кое би значело дека обвинетиот не смее да има увид во предметите кои се поврзани со кривично – правниот настан, ниту комуникација со колегите кои се поврзани со кривично – правниот настан, особено имајќи предвид дека на обвинетиот му е изречена мерка за претпазливост – забрана за одржување на контакти или врски со лица опфатени со кривично – правниот настан.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 16.06.2022 година испрати Барање за доставување на информации до Министерството за транспорт и врски. Од Министерството беа побарани информации за тоа према кои вработени лица кои се опфатени во кривичната постапка било донесено решение за суспензија на административен службеник, за кои вработени не било донесено такво решение и за кои вработени таквото решение било донесено, а потоа укинато.

Од одговорот на Министерството за транспорт и врски, Комисијата ги доби следниве податоци:

- По укинување на мерката куќен притвор на вработената [redacted] и барање за враќање на работно кое го упатила до работодавниот орган, министерот за транспорт и врски на 30.09.2019 година донел Решение бр. 04 – 8278/1 за престанок на суспензија, враќање на работа, распоредување на работно место и утврдување на плата на административен службеник.
- За вработениот [redacted] било донесено Решение за суспензија на административен службеник заради изречена мерка притвор. По замена на потешка мерка – мерката притвор со поблага мерка, истиот бил пуштен на слобода. Неговиот бранител со допис се обратил до работодавниот орган, каде истакнал дека иако за осмничениот е укината мерката куќен притвор и се наоѓа на слобода, истиот не смее да се врати на работното место, бидејќи токму поради фактот што е суспендиран од работното место, донесено е предметното решение за укинување на мерката притвор.
- Министерството ја извести Комисијата дека на идентичен начин како према [redacted] постапил и со вработените [redacted].
- Во поглед на вработената [redacted] Министерството информираше дека од самиот почеток на кривичната постапка, према неа била определена само мерка за претпазливост, не и мерка за обезбедување на присуство, за разлика од вработените [redacted] за кои била изречена мерка притвор.

Министерството ја извести Комисијата дека од страна на истиот полномошник, бранител на сите четворица вработени – [redacted] и [redacted] било доставено барање за суспендирање на вработените [redacted] поради издржување на мерката притвор во КПУ Затвор Скопје – Скопје, врз основа на кое се донесени предметните решенија за суспензија.

Министерството наведе дека основ за натамошно останување во сила на Решението за суспензија на вработените [redacted] е фактот дека кривичната постапка е во тек, комплексноста на предметот, видот на кривичното дело, како и мерките изречени против нив и Решението КСЖ – 554/19 од 23.09.2019 година во кое како олеснителна околност е ценета суспензијата на вработените во смисла дека не постои опасност по член 165, став 1, точка 2 од Законот за кривичната постапка истите да фалсификуваат или уништуваат траги од кривичното дело кое им се става на товар, при што Судот го земал како основ за замена на потешка со поблага мерка, како и фактот дека осномничените не смеат да комуницираат со лицата што се опфатени со кривично – правниот настан и со вработените во Министерството за транспорт и врски кои што се колеги на осомничените, а кои што треба да бидат сослушани како сведоци во постапката.

На 25.07.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се Барање за доставување на информации се обрати до адвокатка [redacted] бранителка на обвинетата [redacted]

По добиена информација дека адвокатката е пензионирана, Комисијата се обрати до адвокатот [redacted] кај кого бил прераспределен предметот. Оттаму побара информација за тоа кои мерки редоследно ѝ биле изречени на [redacted] во кривичната постапка и дали Судот на обвинетата ѝ ја укинал мерката куќен притвор ценејќи го исклучиво фактот дека работодавниот орган – Министерството за транспорт и врски донел Решение за суспензија на административен службеник бр. 04 – 6078/1.

На 19.08.2022 година до Комисијата беше доставен Одговор на барање за доставување на информации од страна на адвокатот [redacted], со кој ја информираше Комисијата за редоследот на изречените мерки од страна на Судот према [redacted]. Во одговорот беше наведено дека мерката куќен притвор не е укината од страна на Судот исклучиво поради донесеното решение за суспензија од Министерството за транспорт и врски.

Во образложението на Министерството за транспорт и врски е наведено дека основ за понатамошно останување во сила на Решението за суспензија на административниот службеник [redacted] е фактот дека кривичната постапка е во тек, како и фактот дека му е изречена мерка на претпазливост која опфаќа забрана за комуникација со лицата кои се поврзани со кривично – правниот настан и вработените во Министерството кои треба да бидат сослушани како сведоци во постапката. Од овде произлегува дека работодавниот орган ги ценел наведените околности единствено за подносителот на претставката, а не и за вработената [redacted] која се наоѓала во иста споредлива ситуација и ѝ го укинал Решението за суспензија, односно ја вратил на работното место. Во состојба кога и

двајцата вработени се обвинети за кривично дело сторено на работа или во врска со работата, во истата кривична постапка, кон двајцата редоследно биле изречени исти казнено – правни мерки, Министерството на двајцата им го суспендирал работниот однос, а овозможил враќање на работното место единствено за вработената [redacted] додека вработениот [redacted] го спречил, односно ограничил да го стори истото на еднаква основа со неа. Со таквиот различен третман кон вработениот [redacted] Министерството извршило дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Согласно таквата констатација Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај Министерството за транспорт и врски извршило дискриминација кон вработениот [redacted] врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за транспорт и врски да обезбеди еднаков третман кон вработените [redacted] на начин што ќе донесе исти одлуки во однос на суспендирање или враќање на работа на двајцата именувани, како што ќе цени дека е најсоодветно, а притоа почитувајќи ги мерките на претпазливост изречени од Судот во кривичната постапка што се води против двајцата вработени. Министерството за транспорт и врски треба да ги донесе препорачаните одлуки и за истото да ја извести Комисијата, најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за транспорт и врски во иднина да има еднаков третман кон сите вработени без разлика на нивното лично својство и општествен статус, како и било која дискриминаторска основа.

Доколку Министерството за транспорт и врски не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
29.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]

- Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија со адреса на ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје